Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/4
18.03.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
18 MAR 2021
14 985/4

# Записник од 23-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 12.02.2021 година | **Време** | 12.30 – 14:00 часот |
| **Бр. на седница** | 23-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Милан Николовски, Зоран Мурџев, Љубен Талев, Сашко Стојчевски (независни експерти), Борис Арсов (АЕК), Ана Малцева (Кабинет на претседателот на Владата), Сања Фрковиќ Гелевска (Канцеларија на ЕУ во Скопје) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

Точки на дневен ред предлагам да бидат:

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 28.01.2021 година,
2. Известување со предлог од Сашко Мукаетов за замрзнување на неговото членство во НКБК, доколку законски е можно или утврдување на негова оставка,
3. Извештај за прогресот во изработката на студијата на RCC за статусот на примена на DESI во WB6 државите,
4. Подготовка на Информација до Владата за формирање Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации (рок февруари 2021),
5. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 23-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

Буковалов го претстави предложениот дневен ред за седницата кој беше едногласно усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 22-та седница, одржана на 28.01.2021 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ги информира присутните дека добиено е известување со предлог од Сашко Мукаетов за замрзнување на неговото членство во НКБК (доколку законски е можно) или утврдување на негова оставка, заради негов работен ангажман во АД МТ.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката од дневниот ред, која се однесува на Извештајот за прогресот во изработката на студијата на RCC за статусот на примена на DESI во WB6 државите, членот на НКБК, Славица Настеска, извести дека во текот на месец јануари е одржан состанок со консултантот задолжен за изработка на студијата за RCC. На состанокот присуствуваа и претставници од МИОА (Солза Ковачевска и Розалинда Стојова), кои

сакаа појаснување во врска со доставениот прашалник поврзан со DESI индикаторите. После состанокот, до консултантот беше доставен одговор на прашалникот за индикаторите од делот connectivity, како и дополнителен документ со појаснување за улогата на НКБК во развојот на бродбендот во државата, законската обврска за подготовка и објавување на полу-годишни извештаи за развојот на бродбендот преку споредба на DESI индикаторите со државите од ЕУ, периодиката на изработка на полу-годишните извештаи, извори на податоците и воспоставена соработка.. Таа исто така кажа дека консултантот ја известил дека нацрт извештајот за студијата на RCC е во завршна фаза и дека очекува наскоро да и биде доставен, за да може НКБК да се произнесе по него.

Буковалов потсети дека во март НКБК ќе треба да го усвои новиот (трет) по ред Извештај за DESI индикаторите во делот на connectivity, додека истиот месец ќе се одржи и Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во однос на четвртата точка, која се однесува на подготовката на Информација до Владата за формирање Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации, Буковалов информира дека обврската за оваа информација произлегува од усвоената Програмата за работа на Владата за 2021 година.

Предлог Информацијата е веќе подготвена од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и се очекува во скоро време да биде доставена до Владата. Буковалов додаде дека согласно Програмата за работа на Влада за 2021 година, во мај ќе треба да се подготви Информација за усвојување на Препораките за кабелска канализација што ги усвои НКБК.

**Заклучок :** На членовите на НКБК ќе им биде доставена содржината на предлог Информацијата за формирање на Меѓуресорската работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации за доколку имаат одредени забелешки или предлози истите да ги достават.

**За петтата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ не се отворија теми за дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________